**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-69/6**

**Скопје, 18,02,2008 година**

## НУ МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ Македонска филхармонија – Скопје - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2006 година, кои се прикажани на страните 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Н У Македонска филхармонија – Скопје - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Проф. М-р Валери Стефановски, директор до 17.11.2006 година
   - М-р Страшо Темков, в.д. директор од 17.11.2006 година, а овластен потписник од 12.12.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 14.12.2007 до 28.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизија на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Системски слабости**

10.1.1. Министерството за култура не ја исполнило во целост обврската од Годишниот договор за финансирање на Македонската филхармонија и исплатило помалку средства од договорените за 1.939 илјади денари што има за ефект создавање обврски за веќе извршени програмски активности кои се пренесуваат за наредната година во износ од 945 илјади денари. Исплатата на обврски од минати години во тековната година има влијание на целосната реализацијата на програмските активности од 2006 година. Овие обврски не се евидентирани во сметководствената евиденција, спротивно на Законот и Правилникот за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на реалноста и објективноста на финансиските извештаи.
Со оглед на фактот што надлежното министерство со Годишниот договор одобрува 77% од потребните средства на Македонската филхармонија, намалувањето на договорениот годишен износ се одразува на квалитетот и квантитетот во реализацијата на Годишната програма.

**Препораки и мерки**

1. Министерството за култура во рамките на предвидените средства и усвоениот Буџет за тековната година за единките корисници на средства, да врши распределба на средствата во висина на износите утврдени со Годишните договори за учество во финансирањето на Програмите со цел нивно целосно реализирање, за да не се создаваат обврски за наредната година.

10.2. **Неправилна примена на акти**

10.2.1. Македонска филхармонија, во рокот утврден со гранскиот колективен договор за култура, не донела колективен договор на ниво на работодавец, поради што се довела во состојба пресметувањето на платите и понатаму да го врши со примена на категоријата на условно неквалификуван работник, категорија која се напушти со донесувањето на гранскиот колективен договор за култура. Воедно, врз основа на неформална согласност на надлежното министерство кое во вакви услови применило

селективен пристап во давањето на правото за зголемување на платите, Македонска филхармонија пресметката на плати ја врши со прикажување на повисока стручна подготовка на вработените од реалната ( доктори на науки и магистри) што има за ефект незаконско остварување на зголемување на платите на вработените во оваа установа.

10.2.2. Македонската филхармонија не ги применува одредбите од Правилникот за надоместоци за користење, одржување и за потрошен материјал за музички инструменти кои се во лична сопственост на сценските уметници во Македонската филхармонија во следните случаи:

- Нема формирано Комисија за проценка на вредноста на инструментите предвидена со Правилникот, како основен критериум за утврдување на висината на надоместокот за кирија и потрошен материјал за музичките инструменти;
- Надоместоците за потрошен материјал се исплатуваат редовно месечно без воспоставен систем за контрола на реалноста и објективноста на исплатените надоместоци и без приложени сметки за купениот потрошен материјал од страна на музичарите;
- Користењето на инструменти во лична сопственост не е регулирано со договор за меѓусебните права и обврски помеѓу сценските уметници, сопственици на инструментите и установата која ги користи за реализирање на програмските активности.

Непочитувањето на Правилникот може да има за ефект нереално и необјективно утврдени надоместоци и исплата на надоместоци за потрошен материјал и во случаи кога истиот не се набавува.

10.2.3. Македонската филхармонија врши исплата на авторски хонорари на вработени (музичари и административни лица) за учество во музички изведби и административна подготовка на концертите. Исплатите се вршат преку Македонска авторска агенција и во 2006 година за оваа намена се исплатени вкупно 368 илјади денари. Согласно Програмата за работа и Правилникот за организација и систематизација на работните места музичките изведби претставуваат редовни активности на вработените и исплатата на авторски хонорари за кои не се обезбедени средства со Договорот за финансирање на дејноста, има за ефект ненаменски потрошени средства.

**Препораки и мерки**

1. Директорот на Македонската филхармонија да постапи по Колективниот договор за култура и да склучи колективен договор на ниво на работодавец, што претставува задолжителна обврска со што ќе се доуредат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавците од работен однос и други прашања од интерес на установата. Со оглед на фактот што важноста на колективниот договорот за култура е истечена, да се примени член 228 од Законот за работни односи, што го дава правото за примена на одредбите од колективниот договор до склучување на нов.
2. Директорот да покрене иницијатива за ревидирање на Правилникот за надоместоци за користење, одржување и за потрошен материјал за музички инструменти кои се во лична сопственост на сценските уметници во Македонската филхармонија доколку утврдените критериуми се неприменливи. Да ја преиспита можноста набавката на потрошниот материјал да се врши на ниво на Установата или да го применува во целост постојниот Правилник.

3. Директорот на Македонската филхармонија основот за исплата на авторските хонорари на вработените ангажирани преку Младинската авторска агенција, да го уреди со донесување на интерен акт.

10.3. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата**

10.3.1. Македонската филхармонија не извршила попис на средствата побарувањата и обврските согласно Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не извршила усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на 31. декември 2006 година, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на овие позиции во Билансот на состојбата.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорното лице во Установата да превземе соодветни мерки и да формира комисија за вршење на редовен попис со состојба на 31.12.2007 година, со што ќе изврши усогласување на стварната со сметководствената состојба која ќе биде искажана во Билансот на состојбата.

10.4. **Непрменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.4.1. Н.У. Македонска филхармонија не постапила согласно одредбите на Законот за јавни набавки во следните случаи:

- Органот надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата (Управниот одбор на НУ Македонска филхармонија-Скопје) не донел План за јавни набавки за 2006 година и не формирал постојана Комисија за јавна набавка.
- Управниот одбор на НУ Македонска филхармонија-Скопје и покрај тоа што донел Правилник за начинот и постапката за вршење набавки од мала вредност и формирал Комисија за јавни набавки од мала вредност, набавките не се реализираат на начин и по постапка утврдена со овој Правилник, односно Комисијата не упатува покана за доставување понуди, освен во неколку случаи за кои Комисијата не подготвила записник за извршената евалуација на доставените понуди, поради што одговорното лице не донело одлука за извршениот избор.

Реализацијата на потребите за набавки без претходно планирани средства, без постоење на постојана Комисија за јавни набавки за спроведување на соодветни постапки предвидени со Законот за јавни набавки, има за ефект субјективизам во спроведување на набавките и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

**Препораки и мерки:**

1. Управниот одбор на НУ Македонска филхармонија да донесе План за јавни набавки за тековната година и да го достави до Бирото за јавни набавки.
2. Да се формира комисија за јавни набавки за спроведување на набавките од поголема вредност и истите да се реализираат по постапки предвидени во Законот за јавни набавки.
3. Комисијата за јавни набавки од мала вредност да ги спроведува набавките на начин и постапка утврдена со Правилникот за набавки од мала вредност.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3.,финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на НУ Македонска филхармонија– средства од буџетот на РМ на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.4., кај НУ Македонска филхармонија – средства од буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. **Прифатени искорегирани неправилности од страна на НУ Македонска филхармонија во текот на ревизијата:**

   - Во периодот на вршење ревизија заради реално и објективно искажување на краткорочните обврски спрема добавувачите извршена е корекција во сметководствената евиденција со која истите се зголемуваат во висина на вредноста на неевидентираните обврски према Министерството за одбрана по основ на камати, а обврската по основ на тужбеното барање е објаснета во точката 14 од овој Извештај.

   Корекциите се извршени со налог за книжење бр. 097 од 26.11.2007 година.

14. Обрнуваме внимание дека Н. У. Македонска филхармонија била тужена странка во судски спор по основ на тужбено барање на Министерството за одбрана за неподмирени обврски по Спогодба за користење на простор од 1993 година со која Македонската филхармонија се обврзала да учествува во вкупните трошоци за комунални услуги со 30% (вода, струја, парно греење и др). Македонската филхармонија не ги подмирувала обврските по фактурите додставувани од Министерството за одбрана и покрај тоа што средства за оваа намена редовно добивале од надлежното министерство. Поради ненаменското трошење на средствата добиени за покривање на обврските од Спогодбата, Македонската филфармонија создала обврски во вкупен износ од 2.242.иљјади денари со камата и трошоци на постапката, поради што и била тужена од Министерството за одбрана. Во 1999 година Министерството за култура одобрило дополнителни средства за покривање на главниот долг, во износ од 2.635 иљјади денари, но сеуште останува неподмирена обврската по основ на камата во износ од 1.258 иљјади денари.

**Скопје, 15.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 41.010 | 38.716 |
| **Вкупно приходи** | **41.010** | **38.716** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 21.338 | 21.293 |
| Резерви и недефинирани расходи | 38 | 37 |
| Стоки и услуги | 13.457 | 11.669 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 6 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 6.171 | 5.696 |
| **Вкупно тековни расходи** | **41.010** | **38.695** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 21 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **21** |
| **Вкупно расходи** | **41.010** | **38.716** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од државата и други институции | 7 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 1.482 | 1.561 |
| Залихи | 49 | 49 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.538** | **1.617** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 12.551 | 15.458 |
| **Вкупно постојани средства** | **12.551** | **15.458** |
| **Вкупна актива** | **14.089** | **17.075** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8 | 8 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.481 | 1.560 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.489** | **1.568** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 12.600 | 15.507 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **12.600** | **15.507** |
| **Вкупна пасива** | **14.089** | **17.075** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **15.458** | **49** | **15.507** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **9** | **9** |
| Набавки | - | 9 | **9** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **2.907** | **9** | **2.916** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 2.907 | | **2.907** |
| Потрошени материјали | | 9 | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **12.551** | **49** | **12.600** |